ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:12-202/1

Дата: 01.02.2018

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Министерството за локална самоуправа (во натамошниот текст МЛС) за 2016 година.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2016 година изразено е неповолно мислење.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2012 година и е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи. При ревизијата беа разгледани и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година, при што е утврдено дека степенот на имплементација на препораките незадоволува (една препорака е спроведена, 4 препораки се делумно спроведени и 3 препораки не се спроведени).

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај МЛС, сметка на основен буџет - 637 за 2016 година, е констатирано следното:

- системот на внатрешни контроли не функционира целосно бидејќи лицето за спроведување на ex ante контрола е со овластување донесено во јуни а се однесува само за 2016 година како и не е назначено лице за ex post контрола;
- извршени се исплати по разни основи по некомплетна документација;

- во текот на 2016 година не е донесен Стратешки план за внатрешна ревизија, Годишен план за внатрешна ревизија и нема спроведено внатрешна ревизија;
- за рамномерен регионален развој за 2016 година наместо да се издвојат средства во висина не помалку од 1% од БДП, издвоени се 227 милиони денари (0,04% од БДП) што е под законски предвидениот лимит. Ваквиот начин на издвојување на средства од Буџетот на РМ не придонесува за намалување на регионалните диспаритети и остварување на рамномерен и одржлив регионален развој во РМ;
- пописот за 2016 година не е целосен бидејќи не се почитуваат одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- МЛС во име на Владата на РМ на 27.12.2016 година склучило Договор за споделување на трошоци помеѓу Владата и програмата за развој на обединетите нации (UNDP), за проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“, истиот е склучен во периодот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија. Со финансиските средства ќе управува UNDP во согласност со регулативите, правилата, политиките, внатрешните и надворешните процедури на ревизија на UNDP;
- МЛС исплатило долг кон сметката на Министерството за финансии - Национален фонд согласно извештај за верификација на трошоци од страна на друштво за ревизија во 2014 година.

За утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за нивно надминување.

Од одговорното лице за периодот предмет на ревизија на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор доставено е известување/забелешки кои се однесуваат на поделба на периодот во кој настанала одредена состојба како и известување за мерките кои се преземени од одговорното лице.

1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 26 до 28 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за локална самоуправа на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерство за локална самоуправа за 2012 година и е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Министерство за локална самоуправа застапувано од:

- м-р Љирим Шабани, министер од 01.01. до 04.04.2016 година и
- д-р Ширет Елези, министер од 05.04.2016 до 31.05.2017 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектира ни во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.“

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектира ни во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија, и со прифатени и спроведени извесни

корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 12.07.2017 до 25.09.2017 година кај Министерство за локална самоуправа од тим на Државниот завод за ревизија .

3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР за 2012 година.
Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог број 1 кој е составен дел на овој извештај.
До денот на вршење на ревизијата од 8 дадени препораки спроведена е една препорака, делумно се спроведени четири препораки и не се спроведени три препораки.

4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, на ден 16.10.2017 година.

Од одговорното лице за периодот предмет на ревизија на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор доставено е известување. Генерално забелешките се однесуваат на поделба на периодот во кој настанала одредена состојба за што истите делумно се прифатени, а дел се известување за мерките кои се преземени од одговорното лице.

4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Во однос на внатрешните контроли Министерството за локална самоуправа започнало со примена на Процедурата за управување со финансиски документи бр. 13-626/1 од 27.02.2013 година со која се разграничени надлежностите и одговорностите на вработените при прием, проверка, ex - ante контрола, евиденција и плаќање на финансиски документи.
Секторот за финансиски прашања е екипиран, донесени се решенија за назначување на ex - ante контролор, ликвидатор и решенија за генерални овластувања/под овластувања.
При оцена на системот на внатрешни контроли ревизијата заклучи дека системот не функционира целосно поради следното:

- согласно член 11 од ЗЈВФК е пропишано раководителот на единицата за финансиски прашања да спроведува надзор покрај другото и на

сметководството, да го координира процесот на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот и подготвувањето на годишна сметка. Раководителот на единицата за финансиски прашања води интерна евиденција, бидејќи нема пристап во апликацијата за сметководствено-финансиско работење како би можел во секој момент да има увид во сметководствената евиденција, за правилно донесување на одлуки и да го советува раководството на субјектот;

- до мај 2016 година нема воспоставено ex - ante контрола, поради тоа што решението за назначување на одговорно лице за спроведување на ex - ante финансиска контрола за 2016 година донесено е во јуни 2016 година (а во 2017 година не е донесено ново решение);
- нема донесено решение за назначување на лице за ex - post контрола;
- утврдени се повеќе случаи на плаќања без комплетна поткрепувачка документација (сметки, спецификации и слично) и плаќање на сметки и фактури од 2015 година.

Нецелосно воспоставување на внатрешните контроли не е во согласност со членот 5, 6 и 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и придонесува за плаќање по некомплетна документација и постоење на ризик од изготвување на нецелосни финансиски извештаи.

Во МЛС донесени се процедури за воспоставување на контроли во процесите - Систем за управување со квалитет за добивање на сертификат ISO стандард 9001:2008. Донесени се 22 процедури и еден Прирачник при што дел од процедурите и Прирачникот се доработени како „верзија 2“ во јули и септември 2016 година, односно во 2014 година донесени 4 процедури, во 2015 година донесени 6 процедури и Прирачник за управување со квалитет на МЛС. Во тек се активности за верификација за вршење на интерни проверки на ISO Стандардот.

Препорака:

Министерот на МЛС да преземе активности за целосна примена на Процедурата за управување со финансиски документи, односно да се обезбеди ex - ante и ex - post финансиска контрола со цел да се овозможи зајакнување на системот на финансиско управување и контрола и остварување на целите на субјектот.

4.1.2. Меѓу МЛС и СОЗР склучен е Договор за вршење општи и заеднички работи и услуги за 2016 година број 04-1622/1 од 19.11.2016 година, меѓу другите услуги и за сметководствено финансиски работи и ваков договор се склучува секоја година. Водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи, обработката на податоците и организацијата на сметководството е уредено со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Наведените одредби пропишуваат уписот на податоците во деловните книги да се организира на начин што ги обезбедува следниве барања:

- контрола на внесените податоци,

- исправност на внесените податоци,
- чување на податоците,
- можност за употреба на податоците,
- можност за добивање увид во состојбата и промените во главната книга,
- можност за увид во хронологијата на извршеното внесување на финансиските податоци, односно промените.

Со анализа на апликацијата за финансиското работење, водење на деловните книги, податоците од бруто билансот, завршната сметка, контрола на внесените податоци кои ги применува министерството се констатирани следните состојби:

- постои можност податоците да бидат променети, поради тоа што не е воспоставено заклучување на податоците од финансиското работење од претходна година и годината предмет на ревизија 2016 година;
- постои разлика во почетните салда меѓу податоците од електронската база на податоци со податоците од бруто билансот;
- постои разлика меѓу податоците во електронската база и бруто билансот во прометот на жиро сметката, обврските, расходите и приходите.

Со ваквиот начин на работење ревизијата утврди дека во МЛС не постојат контролни активности и постои ризик врз безбедноста на податоците (промена на податоците, искажување на различни податоци и губење на сметководствени податоци), кое има влијание во делот на веродостојноста на финансиските извештаи, што не е во согласност со член 10 став 1 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници кој пропишува на крајот на фискалната година да се заклучат деловните книги.

Препорака:
Министерот да преземе мерки и активности за:

- заштита на податоците од кои произлегуваат финансиските извештаи;
- за воспоставување на ефикасен и ефективен систем на редовна внатрешна сметководствена контрола.

4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Согласно Правилникот за систематизација на работните места во МЛС внатрешната ревизија како организациски облик е независна од сметководството и директно одговорна на министерот согласно Уредбата за внатрешна организација и ЗЈВФК.

Во Одделението за внатрешна ревизија има предвидено две работни места: раководител на одделение за внатрешна ревизија (не пополнето) и советник за внатрешна ревизија – внатрешен ревизор, кое работно место е во мирување од мај 2015 година.

Ефект од оваа состојба е неостварување на целта, улогата и принципите на внатрешната ревизија, на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му

обезбеди поддршка и независно разумно објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола, односно остварување на целите на субјектот. Во септември 2016 година добиена е согласност од МФ за обезбедени финансиски средства за вработување на раководител на одделение за внатрешна ревизија, а во октомври 2016 година објавен е оглас за пополнување на работното место, но не е извршен избор поради неуредно доставени пријави.

Препорака:
Стручните служби да ја продолжат постапката за пополнување на работното место раководител на одделение за внатрешна ревизија, а до пополнување на истото да се ангажира внатрешен ревизор од единица за внатрешна ревизија врз основа на договор со субјект од јавниот сектор.

4.2.2. Согласно Законот за рамномерен регионален развој од Буџетот на Република Македонија годишно треба да се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од БДП за рамномерен регионален развој. Средствата се распределуваат со одлука на Влада на РМ за следните намени:

- 70% за финансирање на проекти за развој на планските региони;
- 20% за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и
- 10% за финансирање на проекти за развој на села.

На 05.01.2016 година Владата на РМ донесува Програма за рамномерен регионален развој во 2016 година[1] со која се уредува распределбата на средства во вкупен износ од 150.000 илјади денари за поттикнување рамномерен регионален развој. По основ на Програмата и врз основа на член 42 од Законот за рамномерен регионален развој[2], Владата донесува Одлука[3] за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони, Одлука за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и Одлука за финансирање на проекти за развој на селата.
Со извршениот увид и анализа на доставената документација, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- за 2016 година за поттикнување на рамномерен регионален развој од Буџетот на РМ на носители на политиката за рамномерен регионален развој се издвоени 227.000 илјади денари, односно 100.000 илјади денари за МЛС и 127.000 илјади денари за Бирото за регионален развој (БРР). Ваквиот начин на издвојување (утврдување) на средства не е во согласност со член 27 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој каде што за поттикнување на

[1] ("Службен весник на Р.М" бр.2/16)
[2] ("Службен весник на Р.М" бр. 209/15)
[3] Одлуки ("Службен весник на Р.М" бр. 86/16)

рамномерен регионален развој предвидено е издвојување на средства од Буџетот од најмалку 1% од БДП. Имајќи во предвид дека во 2015 година БДП изнесува 558.240 милиони денари[4], за рамномерен регионален развој за 2016 година треба да се издвојат 5.582.400 илјади денари (1% од БДП) наместо 227. 000 илјади денари односно 0,04% од БДП што е под законски предвидениот лимит;

- министерството изготвува годишен извештај за спроведувањето на Акциониот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за 2016 година[5] и тоа за спроведените активности и проекти: кои се финансиски подржани од средствата утврдени во Буџетот на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој за 2016 година и реализираните финансиски средства од други релевантни државни органи кои спроведуваат програми со регионална развојна компонента и со влијание врз регионалниот развој, за 2016 година, определени во Прилогот I[6] на Акциониот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2016-2018[7]. Министерството ги опфаќа и средствата за развој предвидени во секторските програми на другите буџетски корисници, иако распределбата на средствата кај истите не се врши според Законот за рамномерен регионален развој и степенот на развиеност на планските региони, односно не се почитува принципот "рамномерност" при распределба на средства во сите плански региони како и се нема увид во начинот на реализацијата на истите;
- со измена и дополнување на Програмата за рамномерен регионален развој намалени се средствата за поттикнување рамномерен регионален развој од 150.000 илјади денари на 100.000 илјади денари, но не е извршена и измена на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони, Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2016 година и Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2016 година[8];
- распределбата на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој од страна на МЛС не е извршена согласно Програмата за рамномерен регионален развој, имено средствата од член 2 точка 2 потточка 2.4 од

[4] Извор: Државен завод за статистика

[5] член 18 став 3 алинеја 3 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.63/07, 187/13 , 43/14 и 215/15).

[6] Преглед на развојни и буџетски програми кои имаат развојна компонента од значење за рамномерниот регионален развој

[7] Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2016-2018 ("Службен весник на РМ" бр. 123/16).

[8] Одлуки ("Службен весник на Р.М" бр. 86/16

програмата не се доделени на општините за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и средствата од член 2 точка 2 потточка 2.5 не се доделени за финансирање на проекти за развој на селата туку истите средства се доделени за финансирање на проекти за развој на планските региони.

Ваквиот начин на издвојување на средства од Буџетот на РМ не придонесува во реализација на специфичните мерки и инструменти насочени кон намалување на регионалните диспаритети и остварување на рамномерен и одржлив регионален развој во РМ. Исто така и начинот на распределба на средствата од страна на МЛС не поттикнува рамномерен развој на подрачјата со специфични развојни потреби и на општините за финансирање на проекти за развој на селата согласно Програмата за рамномерен регионален развој во 2016 година и Одлуките за доделување средства за финансирање на проекти за подрачјата со специфични развојни потреби и за проекти за развој на селата.

Препорака:
МФ во соработка со МЛС при донесување на Буџетот:

- да ги има во предвид одредбите од Законот за рамномерен регионален развој, односно да се издвојуваат средства од Буџетот од најмалку 1% од БДП;
- средствата да се распределат на носителите на политиката за рамномерен регионален развој, односно на МЛС и БРР;
- распределбата на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој од страна на МЛС да се врши согласно Програмата за рамномерен регионален развој.

4.2.3. Во Буџетот на МЛС за 2016 година планирани се средства во делот на Активности поврзани со децентрализацијата за Капитални дотации до ЕЛС за проектот Плоштад Скендербег во вкупен износ од 193.000 илјади денари. Средствата се трансферирани на Општина Чаир во вкупен износ од 154.700 илјади денари.

Ова не е во согласност со надлежностите на МЛС предвидени во член 25 од Закон за организација и работа на органите на државната управа, согласно кој МЛС ги врши работите што се однесуваат на: следењето на развојот и предлагањето мерки за унапредување на локалната самоуправа; состојбата за територијалната поделба и развивање стандарди за големината, населението и потребите на единиците на локалната самоуправа; предлагањето на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување по рамномерен регионален развој и за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја и вршење на надзор од негова надлежност.

МЛС нема надлежност во делот на трансферирање на капитални дотации до единиците на локалната самоуправа, односно да финансира изградба на капитални објекти, освен за остварувањето и користењето на средствата наменети за

стопански недоволно развиени подрачја. Од страна на МЛС донесена е Процедура за трансферирање на капитални дотации[9].
Ефект од оваа состојба е финансирање на капитални проекти кај општините спротивно од законските надлежности и намалена можност за користење на средствата за стопански недоволно развиени подрачја.

Препорака:
Одговорните лица во министерството да преземат мерки и активности и тоа:
- во соработка со МФ да се запре со праксата на префрлање средства спротивно на надлежностите на МЛС утврдени со Закон;
- МЛС при изготвување на развојната програма, да планира средства за остварување на законски утврдените надлежности.

4.2.4. Министерството за локална самоуправа во ноември 2015 година има склучено авторски договори со 6 лица со важност на договорите до јуни 2016 година. Со извршениот увид во доставената документација ревизијата го констатира следното:
- склучените авторски договори не содржат јасни и прецизно дефинирани обврски и работни задачи на ангажираните лица како и обврска за доставување на месечни извештаи за извршени активности;
- 4 лица се ангажирани со авторски договори и извршуваат дел од активностите предвидени во Секторот за кабинетски работи и меѓународна соработка согласно Правилникот за систематизација на работните места во МЛС;
- 2 лица се ангажирани на работни места кои воопшто не се предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството.

Склучувањето на авторски договори за споменатите активности не е во согласност со Законот за авторски права во кој поимот авторско дело е дефиниран како интелектуална и индивидуална творба од областа на науката, уметноста и книжевноста, изразена на било кој начин и форма.
По основ на авторски договори во 2016 година исплатен е вкупен износ од 845 илјади денари.
Ваквиот начин на ангажирање на лица со авторски договор придонесува за субјективно постапување при ангажирање на лицата и не обезбедува фер конкуренција, односно го нарушува принципот секому подеднакви услови да му биде достапно секое работно место.

Препорака:
Министерот да преземе активности за почитување на законските одредби при пополнување на работни места за кои има неопходна потреба.

[9] Процедура за трансферирање на капитални дотации бр. 07-2051/1 од 09.02.2014 година

4.2.5. Од Буџетот на МЛС за 2016 година, ставка Разни трансфери на ден 28.12.2016 година од Програма МБ – Прекугранична соработка, на UNDP исплатен е износ од 14.000 илјади денари. Исплатата е врз основа на проектниот документ Програма за развој на Обединетите нации со наслов „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“, врз база на склучен Договор за споделување на трошоци помеѓу Владата на РМ и програмата за развој на обединетите нации (UNDP) бр. 02-2601/1 од 27.12.2016 година, кои средства Владата, согласно член 1 од договорот преку МЛС ги става на располагање на UNDP (рокот на исплата е предвиден по потпишување на договорот но не подоцна од 31.01.2017 година).
Во рамки на проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“ изработена е Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 -2020“.
Договорот е склучен/продолжен по разгледување и усвојување на Информацијата на Влада за продолжување на Договорот со Програмата за развој на Обединетите нации за имплементација на проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“ согласно усно изнесените позитивни мислења на министерот за финансии и претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата[10]. На ревизијата и е презентирано мислење добиено од Државната комисија за спречување на корупцијата упатено до Владата на РМ и МЛС[11] според кое не постои законска пречка за усвојување на информацијата за продолжување на договорот во колку средствата се предвидени во план и програма и истите се обезбедени во Буџетот на МЛС за 2016 и 2017 година.

Склучување на Договорот не е во согласност со член 11 став 2 од Закон за спречување на корупцијата[12] според кој од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, ... не може да започне изградба со средства од буџетот ..... освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година.
Државната комисија за спречување на корупцијата[13] по однос на прашања за постапување за време на мандатот на составот на техничката Влада за спроведување на избори за пратеници, како и за време на периодот од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори[14] до завршување на изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на

[10] Извадок од Нацрт записникот од осумдесет и шестата седница на Владата на РМ одржана на 26.12.2016 година бр. 42-9164/1 од 26.12.2016 година, точка 115
[11] Мислење бр. 12-5286/2 и Мислење бр. 12-5224/2 од 26.12.2016 година
[12] “Сл. весник на Р Македонија” бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, и 161/08, 145/10
[13] 115-та седница на ДКСК одржана на 07.09.2016 година (точка 55.2)
[14] Решение за распишување на предвремени избори за пратеници во собранието на РМ бр.09-4469/1 од 18.10.2016 година

Република Македонија го донесе следното мислење, точка 55.2 „Од денот на донесување Одлука за распишување на избори до завршување на изборот за пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија постои законска пречка да се потпишуваат/склучуваат меѓународни договори и меморандуми за разбирање и соработка, билатерални спогодби, договори за економска и техничка соработка, протоколи за соработка и слично, помеѓу Република Македонија и други држави, помеѓу влади на две или повеќе држави, или помеѓу други органи на државната управа и државни институции со меѓународни организации и институции, како и притоа да се овласти или определи избрано и именувано лице, носител на јавна функција да го потпише ваквиот договор /меморандум, освен ако се предвидени во Програма за работа на Владата или е уредено со некој друг закон или подзаконски акти“.

Ревизијата утврди дека не е предвиден ваков проект во:

- програмата на Владата на РМ за 2016 година донесена во декември 2015 година;
- во Развоен дел на Буџетот на Република Македонија за периодот 2016 - 2018 година (точка III)[15], односно за Раздел 19101 МЛС, Потпрограма МБ Прекугранична соработка, Опис и цели стои „Втората компонента од ИПА има за цел да ја зајакне соработката помеѓу пограничните региони на Република Македонија со сите соседни земји со цел обезбедување и развој на добрососедските односи, зајакнување на стабилноста, безбедноста и просперитетот во заедничките односи на сите земји и поттикнување на нивниот рамномерен развој. Координацијата на активностите околу реализацијата на средствата од втората компонента на ИПА е обврска пренесена на Министерството за локална самоуправа. За таа цел подготвени се програми за прекугранична соработка со: Република Бугарија, Република Албанија, Република Косово и Република Грција како и Транснационална програма за земјите од Југоисточна Европа“;
- во Стратешкиот план на МЛС 2016-2020 година во Програма „Макро- регионална и прекугранична соработка“ предвидени се потпрограмите: Имплементација на Програмите за прекугранична соработка и Зајакнување на институционалните капацитети на МЛС и на потенцијалните корисници на средства за поголемо искористување на средствата од ЕУ.

4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1. Во МЛС и во 2016 година при вршење на пописот не се почитуваат одредбите од член 29 до 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, односно не е извршено усогласување на состојбите на средствата и

[15] Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година (“Службен весник на Република Македонија “ број 209/2015 и 143/2016)

изворите искажани во сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот и тоа:

- пописните листи на опремата по канцеларии се без вредност (содржат: локација, назив на основно средство, инвентарен број и количина);
- пописните листи на возилата сопственост на министерството и на возилата кои со решение на Влада на РМ се отстапени на трајно користење, се без вредност и не содржат инвентарен број;
- не е извршен попис на побарувањата;
- со пописот не се искажани обврските за плати за месец декември 2016 година;
- со пописот на обврските спрема добавувачите не е утврден периодот од кој потекнуваат и правниот основ, не е извршено усогласување со сметководствената евиденција и не е констатирано дека истите не се евидентираат во сметководството;
- со прифаќање на извештајот за попис од страна на одговорното лице нема утврдено мерки за лицата кои се одговорни за кусокот на опрема која не е најдена;
- нема извршено попис на книгите/стручна литература од областа на локалната самоуправа (набавени во 2009 година) кои се евидентирани во сметководствената евиденција. Од надлежните лица не е потврдено дали книгите се во Министерството.

Непочитување на одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници придонесува за неусогласеност на сметководствената евиденција со состојбата утврдена со пописот, со што се создава ризик од нереално изготвување на финансиските извештаи.

Препорака:
Министерот да преземе активности:

- пописната комисија пописот да го врши согласно одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно да се изврши усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот;
- да се утврдат причините поради кои одредени основни средства ги нема и да се предложат мерки од одговорното лице за лицата кои се одговорни за настанатиот кусок на опрема;
- да се утврди состојбата со книгите кои сметководствено се евидентирани и дали е постапено по препораката на ревизијата истите записнички да се распределат на институциите, општините и ЗЕЛС.

4.3.2. МЛС во Билансот на состојбата на 31.12.2016 година нема прикажано обврски спрема добавувачите и не се евидентирани во сметководствената евиденција.
Со увид во деловните книги ревизијата констатира дека обврските се евидентираат во моментот на нивното плаќање, а не во моментот на добивање на

фактура/ситуација за извршени работи, набавки и услуги, поради што податоците во сметководствената евиденција не се целосни, комплетни, навремени, хронолошки и не го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување. Во Прегледот на неподмирени обврски доставен до Министерството за финансии за месец декември 2016 година искажан е износ од 15.323 илјади денари, а со пописот се констатирани обврски во износ од 15.713 илјади денари.
Ваквиот начин на евидентирање на обврските во сметководствената евиденција е резултат на повеќегодишната пракса, и не е во согласност со член 7 став 2, член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 18 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Ваквиот начин на постапување придонесува до нереално прикажување на состојбата на обврските на 31.12 и до нереални финансиски извештаи.

Препорака:
Министерот да презеде активности стручните служби да ги почитуваат законските одредби:
- за евидентирање на обврските на министерството кон добавувачите во Билансот на состојбата;
- обезбедување на целосност, комплетност и навременост на сите податоци презентирани во деловните книги, со цел вистинито и реално прикажување на сметководствените промени, односно трансакции.

4.3.3. На 31.12.2016 година, на позицијата Краткорочни побарувања од вработени евидентирани се побарувања во износ од 1.010 илјади денари кои се однесуваат на дадени аванси за службени патувања во странство, репрезентација и гориво, и се резултат на ненавремено раздолжување на дел од вработените и именуваните лица (дел од нив не се повеќе во работен однос во министерството), кое се провлекува и по неколку години. За авансите дадени во 2016 година, за време на ревизијата од страна на Секторот за правни работи се изготвени барања за раздолжување до секое лице. За авансите од претходни години не се преземени активности за започнување на судска постапка за присилна наплата.
Ваквата состојба не е во согласност со член 24 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци, каде е уредено дека враќањето на средствата се врши во рок од седум работни дена (во странство) од денот на завршување на службеното патување. Ваквата пракса овозможува времено финансирање на поединци на подолг рок, незаконско и ненаменско користење на буџетски средства и застарување на роковите за наплата.

Препорака:
Министерот да преземе активности и мерки за:
- покренување на судска постапка за присилна наплата на побарувањата од претходни години за кои постои законски основ за да не дојде до нивна застареност;

- раздолжувањето со авансите за службени патувања да се врши во законски утврдените рокови.

4.4. **Користење на средствата согласно законски прописи**

4.4.1. На ставката Горива и масла исплатени се средства без поткрепувачка документација во вкупен износ од 628 илјади денари, само на база на приложени сметки за гориво, дел од нив се од 2015 година, без налози за користење на патничките автомобили за службени потреби, од кои може да се утврди регистарски број на возилото, намената/целта на патувањето, и кој е корисник на возилото.

Причина за ваквата состојба е непостоење на внатрешни контроли и немање пишана процедура за користење на возила. Во текот на 2017 година донесена е Процедура по ISO Стандардите.

Ваквиот начин на исплата на средства без соодветна поткрепувачка документација доведува до постоење на ризик од несоодветно користење на средствата, што не е во согласност со член 12 и 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Препорака:

Стручните служби во министерството да преземат мерки и активности плаќањата да се вршат врз основа на веродостојна, уредна и комплетна документација.

4.4.2. Во текот на 2016 година за репрезентација вкупно се исплатени 1.618 илјада денари. Дел од фактурите во износ од 349 илјади денари не се со поткрепувачка документација и тоа: фактури во износ 321 илјади денари за период од јули 2015 до март 2016 година не се поткрепени со прилог спецификација и сметки од кои може да се потврди услугата, датата на извршената услуга и по кој повод се однесуваат и фактура од октомври 2016 година во износ од 28 илјади денари без прилог сметки. Дел од сметките се авторизирани од министерот, и од лица вработени во министерството.

Преку виза картица која ја користи министерот, за трансакции во 12/2015, 01, 02 и 03/2016 година извршена е исплата на сметки од маркети и угостителски објекти за набавка на прехранбени артикли, пијалаци, средства за хигиена и извршени угостителски услуги во вкупен износ од 158 илјади денари.

Исплата на сметки и фактури без комплетна документација создава ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата.

За надминување на состојбите министерот донел Правилник бр. 02-2240/1 од 14.11.2016 година за правото, начинот и постапката за користење на средствата за репрезентација во МЛС и Решение за користење на средствата за репрезентација број 02-2241/1 од 14.11.2016 година со кое е определена висината на средствата наменети за репрезентација и лицата кои имаат право на

користење на средства наменети за репрезентација.

Препорака:
Министерот да преземе мерки и активности за целосна имплементација на донесениот Правилник и Решение за користење на средствата за репрезентација.

4.4.3. Проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“, МЛС и UNDP го имплементираат од 2014 година и по извршена ревизија се склучуваат договори во декември 2014, 2015, 2016 и мај 2017 година. Од почетокот на проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“ од 2014 година до извештајниот период 26.12.2016 година[16] потрошени се вкупно 839.449, 30 УСД од кои МЛС контрибуира 737.955,24 УСД (87,82%), UNDP 83.909,77 УСД (10,07%) и општините 17.584,42 УСД (2,11%).

Вредност на склучените договори е износот кој од Буџетот на РМ преку МЛС се става на располагање на UNDP, при што не е определено учеството на UNDP и кои активности треба да се реализираат. Од Буџетот на МЛС за 2016 година по овој основ на UNDP исплатен е износ од 14.000 илјади денари.

Одредбите во споменатите договори предвидуваат:

- 3% од средствата се наменети за генерална поддршка за управување и функционирање на отворената канцеларија на UNDP во земјата;
- со финансиските средства ќе управува UNDP во согласност со регулативите, правилата, политиките и процедурите на UNDP, со примена на вообичаените процедури за извршување на проектот;
- управувањето со проектот и трошоците ќе се раководат од регулативите, правилата, политиките и процедурите на UNDP и каде е применливо од регулативите, правилата, политиките и процедурите на Партнерот за имплементација;
- финансиските средства се предмет на внатрешните и надворешните процедури на ревизија, наведени во финансиските регулативи, правила и директиви на UNDP;
- UNDP, на барање на Владата, ќе достави финансиски и други извештаи подготвени согласно процедурите за известување на UNDP.

Имајќи ги во предвид одредбите од договорот се ограничуваат контролните механизми, поради што ревизијата не беше во можност да изврши увид во финансиската документација со која располага UNDP, а со тоа и да даде мислење за законското и наменското користење на буџетските средства, кои претставуваа повеќе од 50% во вкупниот износ на предвидените средства.

4.4.4. Склучен е Договор за споделување на трошоци меѓу Програмата за развој на

[16] Информација усвоена со Нацрт записникот од осумдесет и шестата седница на Владата на РМ одржана на 26.12.2016 година бр. 42-9164/1 од 26.12.2016 година.

Обединетите нации (UNDP) и Владата на РМ бр. 02-1535/1 од 30.08.2016 година за проект „Намалување на ризикот од поплави во Полошкиот регион“. Вредност на склучениот договор е износот кој од Буџетот на РМ преку МЛС се става на располагање на UNDP, односно 12.300 илјади денари, при што не е определено учеството на UNDP.

Согласно доставениот Извештај Проектот го спроведува UNDP, во соработка со сите засегнати страни, вклучувајќи го МЛС, Општина Тетово, други засегнати заедници и Управата за хидрометеоролошки работи. Финансирањето на главните инфраструктурни интервенции (реконструкција на трите оштетени прегради/брани на реката Пена) е во рамките на средствата на МЛС. Воспоставувањето на системот за навремено предупредување и чистењето на депониите е финансирано од страна на UNDP.

Одредбите во споменатиот договор предвидуваат:

- 3% од средствата се наменети за генерална менаџерска поддршка (GMS);
- со финансиските средства ќе управува UNDP во согласност со регулативите, правилата, политиките и процедурите на UNDP, со примена на вообичаените процедури за извршување на проектот;
- управувањето со проектот и трошоците ќе се раководат од регулативите, правилата, политиките и процедурите на UNDP и каде е применливо од регулативите, правилата, политиките и процедурите на Партнерот за имплементација;
- финансиските средства се предмет на внатрешните и надворешните процедури на ревизија, наведени во финансиските регулативи, правила и директиви на UNDP;
- сопственоста на опрема, набавките и друг имот финансиран од финансиските средства, се доверува на UNDP. Прашањата поврзани со преносот на сопственоста од страна на UNDP се определуваат согласно релевантните политики и процедури на UNDP. Износот од 12.300 илјади денари исплатен е од Програма МБ – Прекугранична соработка.

Имајќи ги во предвид одредбите од договорот се ограничуваат контролните механизми, поради што ревизијата не беше во можност да изврши увид во финансиската документација со која располага UNDP, а со тоа и да даде мислење за законското и наменското користење на буџетските средства, кои претставуваа повеќе од 50% во вкупниот износ на предвидените средства.

Препорака:

Министерот да преземе мерки и активности за:

- да се преиспитаат ограничувачките механизми во функција на зголемување на отчетноста и транспарентноста во трошењето на буџетските средства;
- да назначи лица за координирање и сеопфатно следење на реализацијата (програмско и финансиско), согласно предвидените активности;

- донесување на процедура за следење на степенот на реализација на предвидените активности и за исплата на финансиските средства од страна на МЛС кон UNDP.

4.4.5. Од сметката на МЛС по Барање за подмирување на долг кон МФ[17] преку програма 00МБ – Прекугранична соработка, од сметките: Други договорни услуги, Други трансфери и Реконструкција на други објекти исплатен е долг кон МФ во вкупен износ од 4.274 илјади денари (главен долг и камата).

МФ со допис од ЕК[18] е известено дека Европската комисија има донесено решение за задржување на средства кои треба да се платат на сметката на МФ - Национален фонд. Долгот на МЛС е во однос на извештај за верификација на трошоци од страна на друштво за ревизија во 2014 година и во однос на поврат на неприфатливи трошоци/финансиски наоди и плати на вработени по грант договор ИПА/2013/333-498 за имплементација на Програма за прекугранична соработка со Р. Албанија и по грант договор 332-477 за имплементација на Програма за прекугранична соработка со Р. Грција.

Во врска со предходно наведеното со Решение од министерот[19] формирана е Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап против државниот советник за европски интеграции, за сторен дисциплински престап поради повреда на службена должност согласно Законот за административни службеници, како последица на кое е нанесена штета на Буџетот на РМ. Од страна на Комисијата за дисциплинска постапка изречена е дисциплинска мерка-парична казна.

Исто така Комисијата има доставено предлог до Државниот секретар на министерството за изрекување на дисциплинска мерка – престанок на работен однос. По истото сеуште не е постапено.

Препорака:

Министерот да преземе мерки и активности:

- надлежните лица да преземаат мерки и активности за функционирање на системот за управување со ИПА средствата, и за наменско користење на средствата;
- против лицето одговорно за настаната штета да се продолжи постапката и да се преземат мерки за наплата на истата.

[17] Барање од МФ број 10-4013/2 од 21.10.2016 година

[18] Дописи од ЕУ бр. BUDG/DGA/C4/LM – 2742 од 05.09.2014 година, допис бр. BUDG/DGA/C4/DB – 002742.4 од 26.11.2015 година, и допис бр. Ref.Ares (2015) 5755913 од 11.12.2015 година

[19] Решение број 02-2257/1 од 16.11.2016 година

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 4.2., 4.3. и 4.4. е:

- не функционирање на внатрешната ревизија;
- за поттикнување на рамномерен регионален развој од Буџетот на РМ се издвојува 0,04% од БДП што е под законски предвидениот лимит од 1% од БДП;
- трансферирање на капитални дотации до ЕЛС за што нема надлежност;
- нецелосно извршен попис на средствата и изворите на средства;
- ангажирање на лица со авторски договори за вршење работи кои не се јасни и прецизно дефинирани;
- необезбедени веродостојни документи за сметководствено евидентирање на дел од расходите;
- не евидентирани обврски кон добавувачите;
- не преземени активности за наплата на побарувања од вработените;
- при доделување на парични средства на UNDP за реализација на проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“ и „Намалување на ризикот од поплави во Полошкиот регион“, не е овозможен увид во финансикста документација, поради што не е можно потврдување на дел од трошоците;
- исплата на долг кон МФ и во врска со функционирање на системот за управување со ИПА средствата;
- помалку прикажани Обврски на позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите и Активни временски разграничувања од Билансот на состојба за 2016 година за износ од 15.713 илјади денари.

5. Ревизорско мислење

Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за локална самоуправа на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за локална самоуправа, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. МЛС е тужена страна во судски спорови со повеќе правни лица за 42 предмети, и еден спор со едно физичко лице, но со оглед на тоа што кај дел од нив не е утврдена вредноста не е можно да се утврди квантификација.
Напоменуваме дека во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за локална самоуправа за 2005 и 2012 година за сметката на основниот буџет е истакнато дека Министерството за локална самоуправа е тужена странка во судски спор за објект за водоснабдување на Општина Тетово во износ од 78.454 илјади денари. За овој судски спор во Министерството немаат сознанија дали е завршен или сеуште е во тек.

6.2. Во Извештајот за напредокот на имплементацијата на проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“ и Годишниот работен план за 2017 година дел од спроведените/планирани активности се:

- изработена е Веб платформата - dajpredlog.mk и воведен бесплатен телефонски број кои официјално се промовирани и ставени на располагање за потребите на граѓаните (проект на МЛС подржан од UNDP) на ден 18.11.2012 година. Од страна на ревизијата е констатирано дека истата не е функционална, односно последното соопштение е прикачено на 04.01.2013 година и не е извршено ажурирање на законските прописи од 2012 година. Според надлежни лица од МЛС и Инспекторатот за локална самоуправа оваа платформа не почнала да се користи, поради тоа што е направена без пошироки консултации во министерството, без процедура кој ќе ја менаџира и на кој начин. Поради наведеното во Работниот план за 2017 година се планира негова надградба и промоција;
- во Општина Гостивар изготвен е интерактивен електронски каталог со 17 процедури за услуги и со чекор по чекор водич за тоа како да се добијат. Ова вклучува низа различни услуги како што се добивање на градежна дозвола, лиценца за такси и други видови на превоз, управување со локалните такси, дозволи за мали бизниси и занаетчиски работилници, процедури за регистрирање на фирма (трговец поединец, ДООЕЛ, ДОО);
- извршени други активности во врска со регионалниот и локалниот развој;
- планирани активности согласно Годишниот работен план за 2017 година покрај другото е и воспоставување на е-систем за локални административни процедури, мапирање на потенцијали за развој на рурален туризам, изготвување на регистри и активности за развој на рурален туризам.

Во услови кога постои апликација е–дозволи, едношалтерски систем за регистрација кај Централниот регистар согласно Законот за трговски друштва, воведување на ISO стандарди согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба и постоење на Агенција за промоција и

поддршка на туризмот се поставува прашањето за потребата од гореспоменатите активности.
Член на управниот одбор по функција е министерот за локална самоуправа. Не се назначени лица за следење на активностите во рамки на проектот. Со решение од април 2017 година назначено е одговорно лице-државен советник за комуникација на политиките на министерството, кое има улога на контакт лице помеѓу министерството и UNDP во врска со овој проект. Не се назначени одговорни лица од секторите/одделенијата чии програми се предмет на активности во договорениот проект, со цел да се обезбеди целисходен придонес во остварување на резултатите предвидени во годишниот работен план. За следење на степенот на реализација на предвидените активности и за исплата на финансиските средства од страна на МЛС кон UNDP не постои изготвена процедура.

6.3. Склучувањето на договорите на МЛС со UNDP е согласно прифатено Партнерство за одржлив развој - Стратегијата на ОН за 2016-2020 година меѓу Владата на РМ и агенциите на Обединетите нации на 24 октомври 2016 година, кое партнерство обезбедува стратешка и правна рамка за активностите на ОН во земјата за периодот 2016-2020 година. При тоа идентификувани се агенциите во системот на ОН и националните партнери вклучени во нивното спроведување (основниот Договор за соработка за основна помош, меѓу UNDP и РМ –Министерство за надворешни работи потпишан е на 30 октомври 1995 година).

UNDP ќе работи во партнерство со Министерството за локална самоуправа (МЛС), ресорните министерства (Министерство за труд и социјална политика, Министерство за животна средина, Министерство за земјоделство), Центар за управување со кризи, Регионални центри за развој, општините и граѓанските организации за да помогне да се подобри обезбедувањето услуги на локално ниво итн.

Потребите за ресурси за Партнерство за одржлив развој, Стратегија на ОН за 2016-2020 година се детално прикажани во Матрицата со резултати и во Буџетската рамка (Анекси А и Б).

Во Анексот А -Матрица со резултати, определени се Националните развојни приоритети или цели; Исход од Партнерството; Агенции-учеснички и национални партнери; Индикатори, почетна состојба и цели; Начини на верификација и Заедничка буџетска рамка по години и агенции, проектирани финансиски средства само на агенциите на ОН.

Во Анекс Б - Индикативен буџет за Проценетите финансиски барања за целосна имплементација на петгодишното Партнерство по: петте исходи (области) избрани како приоритети во Партнерството; агенции на ОН; финансиски

средства: основни и неосновни средства кои веќе се обезбедени и резервирани, и потребни средства за мобилизирање.

Средствата кои треба Владата да ги обезбеди и стави на располагање на агенциите на ОН не се предвидени во Анекс А и Б. Исто така во Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2016 година, во Развоен дел на Буџетот на Република Македонија за периодот 2016 - 2018 година (точка III)[20] и Развоен дел на Буџетот на Република Македонија за периодот 2017 - 2019 година (точка III) не се искажани како посебна позиција за финансиско учество на Владата во Партнерството.
Ревизијата е на мислење дека Владата на РМ при донесување на Буџетот треба да ја има во предвид потребата од обезбедување на финансиско учество при реализирање на петте приоритетни области на соработка за Партнерството: вработување, добро владеење, социјална инклузија, одржливост на животната средина и отпорност на катастрофи, и родова еднаквост.

6.4. Во текот на ревизијата спроведена е корекција за зголемување на позициите Материјални средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојбата.
Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции, врз Билансот на состојба е зголемување на вкупната актива и пасива за 98 илјади денари.

7. Останати прашања

7.1. Реализацијата на Проектот „Изградба на спомен – обележјето Плоштад Скендербег„ во Скопје иницира е од Општина Чаир, а е финансиран со средства обезбедени од Владата на РМ. Согласно Законот за меморијалните споменици и спомен обележја, спомен-обележја во смисла на овој закон, се бисти, склулптури, плочи, чешми, фонтани и други уметнички и архитектонски дела и творби што со своите содржини и ознаки одбележуваат значајни настани и истакнати личности од историјата и културата кои се од локално значење, за кои советот на општината донесува програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја. Проектот е започнат во 2011 година. Со оглед на сеопфатноста, сложеноста и комплексноста на истиот предвидено е тој да се реализира во три фази. Првата фаза е започната 2011 година и трае до јули 2013 година. Втората фаза започна да се реализира во 2014 година согласно Заклучок на Влада на РМ бр. 42-17/31 од 31.10.2014 година и се планира да заврши до почетокот на 2017 година. Согласно споменатиот Заклучок Владата го задолжува МЛС[21] финансиските

[20] Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година (“Службен весник на Република Македонија “ број 209/2015 и 143/2016)

[21] Заклучок на ВРМ бр.42-17/31 од 31.10.2014 год.

средства за изградба на втората фаза на спомен - обележјето плоштад Скендербег да ги предвиди во развојна програма со следната динамика:

- 160.000 илјади денари за 2015 година;
- 193.000 илјади денари за 2016 година;
- 226.000 илјади денари за 2017 година.

Истото е предвидено во Буџетот на РМ за 2015[22], 2016[23] и 2017 [24]година, односно во Разделот 191.01 МЛС, во делот Основен буџет, под 4А-подпрограма Плоштад Скендербег, и во законите за извршување на буџетите за 2015[25], 2016[26] и 2017[27] година, врз основа на кои Владата ги донесе годишните програми за користење на средства за изградба на спомен - обележјето плоштад Скендербег во Скопје, за 2015, 2016 и за 2017 година, кои се објавени во Службен весник на РМ.

Средствата кои државата им ги обезбедува на општините се дотациите кои што претставуваат трансфери од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите до буџетите на општините. Со нив се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

Во ЗФЕЛС се наведени 5 вида дотации:

- приходи од данокот на додадена вредност,
- наменска дотација,
- блок дотација,
- капитална дотација, и
- дотација за делегирана надлежност.

Видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на фондовите.

Согласно член 2 точка 11 од ЗФЕЛС[28], Капиталната дотација е дотација наменета за финансирање на општински проекти за капитални инвестиции. Таа, врз основа на програма утврдена од Владата на Република Македонија, се користи за финансирање на инвестициони проекти. Согласно член 8 точка 4, надлежните министерства и фондовите најдоцна до 30 април во тековната година, ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на наменски и капитални дотации.

Владата на РМ донесува Уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите на предлог на надлежното министерство по претходна согласност на Министерството за финансии и Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините. Посебна Уредба за

[22] Буџет на РМ за 2015 година Службен весник бр.155/2014 год.
[23] Буџет на РМ за 2016 година Службен весник бр.209/2015 год.
[24] Буџет на РМ за 2017 година Службен весник бр.191/2016 год.
[25] Закон за извршување на Буџетот на РМ за 2015 година Службен весник бр.155/2014 год.
[26] Закон за извршување на Буџетот на РМ за 2016 година Службен весник бр.209/2015 год.
[27] Закон за извршување на Буџетот на РМ за 2017 година Службен весник бр.191/2016 год.
[28] Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15)

методологијата за утврдување на критериуми за распределба на капиталните дотации нема.
Исто така и во Извештајот од ЕУ за РМ за 2015 година стои дека „распределбата на капиталните средства на општините треба да се врши на транспарентен и координиран начин„.
Не постоење на Уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на капиталните дотации доведува до нееднаков третман на одделни подрачја и општини во однос на добивање на капитални дотации за проекти кои им се неопходни.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 ГОДИНА

во 000 денари

Опис на позицијата	**Образложение**	**2016**	**2015**
Приходи			
Трансфери и донации	3.1.1.	349.082	321.111
Вкупно приходи		**349.082**	**321.111**
Расходи			
Тековни расходи			
Плати и надоместоци	3.2.1.	25.202	23.977
Стоки и услуги	3.2.2.	12.836	15.632
Субвенции и трансфери	3.2.3.	153.775	120.528
Вкупно тековни расходи		**191.813**	**160.137**
Капитални расходи			
Капитални расходи	3.3.	157.269	160.974
Вкупно капитални расходи		**157.269**	**160.974**
Вкупно расходи		**349.082**	**321.111**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

Опис на позицијата	Образло-жение	2016		2015
Актива				
Тековни средства				
Парични средства	4.1.1.	49		73
Побарувања од вработените	4.1.2.	1.011		1.060
Активни временски разграничувања	4.1.3.	2.197		1.988
Вкупно тековни средства		**3.257**		**3.121**
Постојани средства				
Материјални средства	4.2.1.	20.030		8.212
Вкупно постојани средства		**20.030**		**8.212**
Вкупна актива		**23.287**		**11.333**
Пасива				
Тековни обврски				
Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените	4.3.1.	2.205		1.988
Пасивни временски разграничувања	4.3.2.	1.052		1.133
Вкупно тековни обврски		**3.257**		**3.121**
Извори на средства				
Извори на капитални средства	4.4.1.	20.030		8.212
Вкупно извори на деловни средства		**20.030**		**8.212**
Вкупна пасива		**23.287**		**11.333**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА

во 000 денари

О П И С	Државен јавен капитал	Вкупно
Состојба 01.01.2016 година	**35.255**	**35.255**
		-
Зголемување по основ на:	**13.619**	**13.619**
Набавки во текот на годината	13.619	**13.619**
		-
Намалување по основ на:	**28.844**	**28.844**
Исправка на вредноста	27.043	27.043
Амортизација	1.757	1.757
Раходување	3.341	3.341
Кусок по попис	3.385	3.385
Состојба 31.12.2016 година	**20.030**	**20.030**

Република Македонија
Министерство за финансии

Бр. 02-13072/1
Скопје 12.12 .2017 година

ДО: Државен завод за ревизија на Република Македонија-Скопје



Министерство за финансии
Даме Груев 12
1000 Скопје
Тел:++ 389 2 3255
Факс:++ 389 2
Е-пошта: @finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Известување до Овластениот државен ревизор по Нацрт извештајот на МЛС за 2016 година.

Почитувани,

Првин ви Благодарам за доставувањето на нацрт извештајот за извршената Ревизија на Министерството за локална самоуправа за 2016 година и тоа ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година до мене примено на 05.12.2017.

Забелешките ми се во делот на сите точки каде не се дели периодот на управување со предходниот министер, (туку се наведува само на почетокот на извештајот), а во препораките дека се преземени исто така и активности за надминување на голем број недоследности кои беа направени во предходните години.

Во МЛС донесени се процедури за воспоставување на контроли во процесите-Систем за управување со квалитет за добивање на цертификат ИСО стандард 9001:2008 донесени се 22 процедури и еден Прирачник.

Во делот на водењето на сметководството МЛС има склучен договор со СЗР, во делот на податоците во електронската база и бруто билансот во прометот на жиросметката, обврските, расходите и приходите ги води СЗР, но секторот за финансиски прашања во МЛС имаат пристап до е-обврски и раководителот за финансиски прашања кој беше обврзан да ги следи и проверува сите финансиски извештаи (завршни сметки, евиденција на обврските, и др.) кој ги изготвува СЗР пред да се доставуваат за потпис до функсионерот –Министерот кој со парафиран потпис на раководителот се потврдени. Со генерално решение за јавна внатрешна финансиска контрола обврзан е Раководителот за финансиски прашања да ги проверува сите расходи планирани во буџетот, финансиски извештаии и сите и плаќања на сметките од буџетот на МЛС.

Во МЛС во текот на месец мај 2016 после неколку години се донесе новата систематизација на работните места согласно законските одредби кои до тој ден не беа

донесени.

Првата работа што јас ја направив беше под итно да се среди одделението за внатрешната ревизија. МЛС има еден советник во внатрешната ревизија на кое работно место му е на мирување од мај 2015 година, затоа изготвив информација до Влада за да ми се додели внатрешен ревизор од Централната единица за внатрешна финансика контрола од МФ, од таму добив негативно мислење дека немат можност да се додели од кај нив. Затоа во септември 2016 добиена е согласност од МФ за вработување на раководител за одделение за внатрешна ревизија, во октомври 2016 година е објавен оглас за оваа работно место, но не е извршен избор поради неисполнување на поставените услови во огласот. Се обративме до СЕП -секретаријатот за европски прашања за позајмување на внатрешен ревизор кој ќе ги врши внатрешните ревизии до избор на нов, за кој добивме позитивен одговор од СЕП.

Во делот на поттикнување на рамномерен регионален развој од Буџетот на РМ треба да се издвојат повеќе средства за рамномерен регионален развој бидејќи МЛС изготвува годишен извештај за спроведувањето на акцискиот план на Стратегијата за регионален развој на РМ, за делот од другите државни органи освен МЛС и Бирото за рамномерен регионален развој го испочитуват принципот на „ рамномерност„ при распределба на средства по планските региони, затоа со помош на Швајцарската Агенција бевме во фаза на потпишување на Меморандум за нивна поддршка за планските региони но и за инсталирање на механизам/софтвер кој ќе ги следи трошењата на буџетот од сите министерства за рамномерен регионален развој, кој е потпишан после изборот на новата Влада.

Во периодот од ноември 2015 до јуни 2016 година –значи периодот јуни 2016 исплатени се плати по авторски договори кои беа предходно склучени од предходниот министер со важност до јуни 2016, со нивно завршување нема склучени нови.

За средствата кој се исплатени до УНДП за проектот под наслов„ Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво, е врз база на склучен Договор за споделување на трошоци помеѓу Владата на РМ, и Програмата за развој на Обединетите нации бр 02-2601/1 од 27.12.2016 година. Договорот е склучен –продолжен по разгледување и усвојување на Информацијата на Владата на РМ, и позитивните мислења на МФ и Државната комисија за спречување на корупција упатена до Владата на РМ и МЛС (извадок од нацрт записникот од 86 седница на Влада на РМ од 26.12.2016).

во ПРИЛОГ се наведени:

1. **Решение за назначување на одговорно лице за следење на активностите во рамки на проктот Иновативни решениа за подобар пристап до услуги на локално ниво**
   архивско Бр. 04-782/1
   од 20-04-2017

2. Информација за подобрување на Договорот со Програмата за развој на Обединетите нации за имплементација на проектот "Иновативни решениа за подобар пристап до услуги на локално ниво"
   архивски Бр. 02-2454/1
   од 21.12.2016

3. Мислење од Државна комисија за спречување на корупција
   Архивско Бр. 12- 5286/2

4. Извадок од Нацрт – записникот од Осудесет и шеста седница на Влада на Република Македонија, одржана на 26.12.2016 година. "Точка 115 - Информација за подобрување на Договорот со Програмата за развој на Обединетите нации за имплементација на проектот Иновативни решениа за подобар пристап до услуги на локално ниво"
   архивско Бр. 42- 9164/1
   од 26.12.2016

Во делот на пописот освен што се донесе решение за формирање на Централна пописна комисија со три подкомисии со цел да се изврши пописот согласно Правилникот за сметководтсво за буџетите и буџетските корисници со обавезна проверка од страна на раководителот за финансиски прашања (кој е ставен во решението во делот на централната пописна комисија) со цел доследно да се направи пописот, евиденцијата во сметководство, евиденцијата на обврските со прегледот доставен до МФ за месец декември и до СЗР кој извештај треба да е ист за жал има отстапување за неколку денари поради пропустот направен од страна на раководителот за финансиски прашања.
За кусокот на средства да се преземат мерки но и отпис за средствата кои не се најдени во делот на пописот и доследната сметководтвена евиденција координација помеѓу СЗР и пописниот извештај кој е доставен и до СЗР за постапување.

во редослед:

5. И З В Е Ш Т А Ј - за извршениот годишен попис во Министерството за локална самоуправа со состојба на 31.12. 2016 година
6. Решение – за формирање на Комисија за годишен попис за 2016 година
   архивски Бр. 03- 2331/1
   од 24.11.2016
7. Процедура – Постапка за формирање на централна пописна комисија и поединечни пописни комисии

архивски Бр. 13- 1563/1
од 01.09.2016

Во делот на дадените аванси во 2016 година е побарано и од секторот за правни и од СЗР да се задолжи секој вработен кој зема аванси со цел ако не се вратат да им се задржат при исплата на платите на секој кој ќе зема аванс и не ги оправда трошењата за службеното патување. (истото се направи за трошење на буџетските средства од основниот буџет и на средствата од донаторска од ИПА програмите за прекугранична соработка).

Во делот на користење на репрезентација донесов Правилник број 02-2240/1 од 14.11.2016 за правото и начинот на користење на средствата за репрезентација во МЛС и Решение за користење на средствата за репрезентација број 02-2241/1 од 14.11.2016, за висината на средствата и лицата кои имаат право на користење на средствата наменети за репрезентација.(и пред донесувањето на правилникот се комплетира согласно поканата, гостите, решение и одобрување од овластеното лице користење на расходи за репрезентација) наодите освен за репрезентација, користење на банкарската картичка но и гориво за кој се парафира се за предходниот функсионер.

Во делот на склучениот Договор за спроведување на трошоци меѓу Програмата за развој на Обединетите нации и Владата на РМ бр.02-1535/1 од 30.08.2016 за проектот , „Намалување на ризикот од поплавите во Полошкиот регион", треба да се напомене дека МЛС изготви информација до Владата на РМ за големата штета од поплави во 2015 и 2016 година што го зафатија полошкиот плански регион односно градот Тетово, од реката Пена, и според можностите како ресорно министертсво да им се помогне на општините и планските региони, со цел да се санираа дел според „Студијата за Полошкиот плански регион", која УНДП ја има изготвено без финансиска поддршка од страна на РМ, а која продолжува со поддршка на нашата земја и во текот на ноември 2017 сега со новиот проект заедно и со Швајцарската Агенција за Разој за превенции од поплави во овој регион.

1. Процедура – Спроведување на грантова шема за поддршка на Центрите за развој на планските региони за подготовка на големи инфраструктурни проекти (2017-2020)
   архивски Бр. 13- 814/1
   од 25.04.2017

Во делот на исплата на средства од Буџетот на МЛС за помирување на долгот кон МФ и известување од Европската Комисија во делот на исплата на средства во износ од

4.274 илјади денари за прекугранична соработка со Р.Албанија и Р.Грција за неприфатени трошоци според финансиски наоди за 2014 година, и нанесена штета на Буџетот на РМ, формирана е Комисија за дисциплинска постапка за ИПА Координаторот –парична казна. Но, и постапка која е во тек, за која уште не е постапено од новото раководство за ревизорските наоди за кое е информирано при моето примопредевање на функцијата на новиот назачен Министер од 31.05.2017 година.

Благодарност до целиот тим на Државната Ревизија и препораките за доследно управување со државните институции и јавните средства.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ,

д-р. Ширет Елези

Одговор
на забелешки/коментари/известувања на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 13.12.2017 година добиено е известување на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Министерството за локална самоуправа, од раководното лице д-р Ширет Елези министер во министерството од 05.04.2016 до 31.05.2017 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-91/7 од 13.12.2017 година.

Забелешките генерално се однесуваат на точките каде не се дели периодот на управување со претходниот министер (туку се наведува само на почетокот на извештајот), а во препораките дека се преземени исто така и активности за надминување на голем број недоследности кои биле направени во претходните години.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.** која се однесува дека системот на внатрешни контроли не функционира целосно, односно став 5 кој гласи „Во МЛС донесени се процедури за воспоставување на контроли во процесите - Систем за управување со квалитет за добивање на сертификат ISO стандард 9001:2008. Донесени се 22 процедури и еден Прирачник. Во тек се активности за верификација за вршење на интерни проверки на ISO Стандардот“, да се дополни односно разграничи периодот на управување **делумно се прифаќа**, поради тоа што дел од процедурите и Прирачникот како „верзија 2“ се доработени во јули и септември 2016 година (односно во 2014 година донесени се 4 процедури, во 2015 година донесени се 6 процедури и Прирачник за управување со квалитет на МЛС). Во Конечниот извештај овој став гласи „Во МЛС донесени се процедури за воспоставување на контроли во процесите - Систем за управување со квалитет за добивање на сертификат ISO стандард 9001:2008. Донесени се 22 процедури и еден Прирачник при што дел од процедурите и Прирачникот се доработени како „верзија 2“ во јули и септември 2016 година, односно во 2014 година донесени 4 процедури, во 2015 година донесени 6 процедури и Прирачник за управување со квалитет на МЛС. Во тек се активности за верификација за вршење на интерни проверки на ISO Стандардот“.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2.,** која се однесува во делот на водењето на сметководството дека МЛС има склучено договор со СОЗР претставува **известување,** која е обврската на СОЗР и на Секторот/раководителот за финансиски прашања. Наодот се однесува на тоа дека во МЛС не постојат контролни активности и постои ризик врз безбедноста на податоците (промена на податоците, искажување на различни податоци и губење на сметководствени податоци).

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува на нефункционирањето на Одделението за внатрешна ревизија претставува **известување** за преземените активности од страна на МЛС во функција на надминување на оваа состојба што е констатирано и во Нацрт извештајот.

4. Забелешката на точката 4.2.2. која се однесува на делот на средствата кои се издвојуваат од Буџетот на РМ за рамномерен регионален развој претставува **известување** дека МЛС во ревидираниот период има преземено активности за потпишување меморандум за помош со Швајцарската Агенција за поддршка на планските региони и за инсталирање на софтвер кој ќе ги следи трошењата од буџетот преку сите министерства за рамномерен регионален развој и дека со изборот на Влада оваа активност е реализирана.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.4.** која се однесува на исплати на плати по авторски договори, односно во јуни 2016 година исплатени се плати по авторски договори кои биле претходно склучени од претходниот министер со важност до јуни 2016 година, со нивно завршување нема склучени нови, **делумно се прифаќа.** Во функција на допрецизирање и раздвојување на периодите во Конечниот извештај оваа констатација гласи "Министерството за локална самоуправа во ноември 2015 година има склучено авторски договори со 6 лица со важност на договорите до јуни 2016 година".

6. Забелешката на точката 4.2.5. која се однесува на исплатените средства до UNDP за проектот под наслов „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво", **не се прифаќа,** бидејќи презентираните документи во прилог на забелешките ревизијата ги имаше во предвид при утврдување на состојбите во Нацрт извештајот. Констатираната состојба се однесува на тоа дека склучувањето на Договорот не е во согласност со член 11 став 2 од Закон за спречување на корупцијата.

7. Забелешката на точката 4.3.1. која се однесува на пописот **не се прифаќа**, приложените документи со известувањето по Нацрт извештајот, ревизијата ги

имаше на увид во постапката на вршење на ревизија. При разгледување на извештајот за извршениот попис од страна на одговорното лице се констатира начинот на ликвидација на утврдените кусоци и мерките кои што треба да се преземат против лицата одговорни за настанатите кусоци.

8. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.3.** која се однесува на дадените аванси на вработените за службени патувања, претставува **известување** за тоа што е преземено од страна на Секторот за правни работи за наплата на дадените аванси за службени патувања што е констатирано и во Нацрт извештајот.

9. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.2. став 1** која се однесува за користење на средства за репрезентација **делумно се прифаќа.** Во Конечниот извештај ќе се разграничи периодот и констатацијата ќе гласи „Дел од фактурите во износ од 349 илјади денари не се со поткрепувачка документација и тоа: фактури во износ 321 илјади денари за период од јули 2015 до март 2016 година не се поткрепени со прилог спецификација и сметки од кои може да се потврди услугата, датата на извршената услуга и по кој повод се однесуваат и фактура од октомври 2016 година во износ од 28 илјади денари без прилог сметки“. Забелешката на точката 4.4.2. став 4 претставува **известување** за преземени мерки односно донесениот Правилник број 02- 2240/1 од 14.11.2016 година и Решение за користење на средства за репрезентација бр. 02-2241/1 од 14.11.2016 година кои активности во Нацрт извештајот се обелоденети.

10. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.4.** која се однесува за проект „Намалување на ризикот од поплави во Полошкиот регион“ претставува **известување** за активностите кои претходат на наведениот проект, а немаат влијание на утврдените состојби во Нацрт извештајот.

11. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.5.** која се однесува за исплата на средства од Буџетот на МЛС за подмирување на долг кон МФ согласно допис, претставува **известување** за мерките кои поради овој случај биле преземени од страна на одговорното лице и кои треба да се преземат во наредниот период за надминување на констатираните слабости.